# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр.03-954

Скопје20.05.2016г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со алинеја 5 и член 20 став 1 алинеји 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), член 147 став 1 и член 223 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), член 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), а согласно Заклучокот, бр.02-2886/3 од 20.05.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 19-та седница одржана на 20.05.2016 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за прекинување на постапката за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип

**СЕ ПРЕКИНУВА** постапката поведена по службена должност од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Уп 1 бр.03-954 од 31.07.2015 година, за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип.

Прекинот на постапката трае додека надлежниот орган - Собранието на Република Македонија, не го реши претходното прашање - давање автентично толкување на членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14).

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Одлука Уп 1 бр.03-954 од 31.07.2015 година, поведе постапка по службена должност за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, поради тоа што беше констатирано дека правното лице Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип кое е основач на радиодифузерот, во 2014 година остварувало приходи од дејноста 73.12 – огласување преку медиуми, која според Националната класификација на дејности спаѓа во групата дејности „реклама и пропаганда".

Во постапката по предметот се наиде на прашањето, дали постои недозволена медиумска концентрација кога како основачи на радиодифузери се јавуваат правни лица што вршат некоја од дејностите наведени во членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кое прашање претставува

самостојна целина за чие решавање односно давање автентично толкување е надлежно Собранието на Република Македонија.

Во врска со претходно наведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, до Владата на Република Македонија, поднесе Барање бр.03-7117/1 од 23.12.2015 година, поради констатирана потреба да се обезбеди автентично толкување на членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен Весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

Во меѓувреме, Собранието на Република Македонија донесе Одлука за распуштање на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.9/16) и Одлука за изменување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.33/16), а Уставниот суд на Република Македонија донесе Решение У.бр.104/2016 од 18 мај 2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр.96/16) со кое се поведува постапка за оценување на уставноста на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија, број 08-362/1 од 18.1.2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр.9/2016) и Одлуката за изменување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија, бр.08-1320/1 од 23.2.2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр.33/2016), така што до овој момент Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема добиено автентично толкување на членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со оглед на тоа што без решавање на наведеното претходно прашање не е можно решавање на правната работа Уп 1 бр.03-954 од 31.07.2015 година, согласно член 223 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), се донесе заклучок за прекинување на постапката се додека надлежниот орган не го реши предметното претходното прашање.

**Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против овој заклучок може да поднесе тужба пред Управниот суд. Тужбата се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;
- управител на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1.